Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ЈП Водовод и канализација**, за сечење на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) и тоа: 1 (едно) дрво (топола) што се наоѓа **на ул. "Перо Наков" спроти бр.31 – Скопје.**
2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"
4. Се обврзува ЈП Паркови и зеленило, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 соодветно дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото стебло.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЈП Водовод и канализација, ул. "Лазар Личеноски" бр. 9, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/1032** од **06.11.2026** година, за сечење на дрвото што се наоѓа **на ул. "Перо Наков" спроти бр.31 – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето со своите корени е навлезено во канализационата линија и го има блокирано протокот на фекални води на тој потег со што се поплавуваат повеќе куќи на улицата.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење (кроење е вид на кастрење при што се прават

напори зеленилото да добие естетска форма) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото пречи за санирање на голем дефект, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/1032/2**
11.11.2026 година
Скопје

Доставено до:
-Барателот
-ЈП “Паркови и зеленило”
-Архива

изготвил:
Марија Стојановска
_____

Раководител на одд.
Емил Дуровиќ
_____
Пом. раководител на сектор
Петар Гичаровски
_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски
_____

Секретар на Град Скопје

Славче Трпески

_____

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15), постапувајќи по барање на ЈП Водовод и канализација, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-6/1032/2** од 11.11.2026 год. донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
2. Решението бр. **14-6/1032/2** од 11.11.2026 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барање на ЈП Водовод и канализација, заедно со стручни лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје има направено увид. При увидот е утврдено дека дрвото има корени кои се навлезени во канализационата линија и ги има блокирано протокот на фекалните води на тој потег, со што се поплавуваат повеќе куќи на улицата.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од сечење на 1 дрво бидејќи со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на отстранување на водоводниот дефект, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Бр. 14-6/1032/3
11.11.2026 година
Скопје

Доставено до:
- Барателот
- Архива

Изработил
Марија Стојановска

_____

Раководител на одделение
Емил Дуровиќ

_____

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски

_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски

_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески

_____